ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-148/7**

**Дата: 27.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи - Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2008 година, кои се прикажани на страните 12, 13 и 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи - Сметка за средства од Буџетот на РМ (во понатамошниот текст МНР), за 2006 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – м - р Антонио Милошоски, министер од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.03.2009 -12.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 14.07.2009 година под архивски број 07-5548/1 примени се забелешки по точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3, 10.2.1, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.3, 10.4.1 и 10.4.2 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани при што е одлучено истите да не се прифатат бидејќи не се изнесени нови докази кои ги побиваат наодите на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела

11.1.1. Ревизијата утврди непотрошени буџетски средства со состојба на ден 31.12.2008 година на девизните сметки и благајните за редовно работење во дипломатско конзуларните претставништва (во натамошниот текст ДКП), што според сметководствената евиденција изнесуваат 19.640 илјади денари, а кои не се вратени во Буџетот на РМ, спротивно на Законот за буџетите. Секторот за финансии и сметководство во два наврати доставил инструкции до сите ДКП, но од вкупно 54 само 9 ДКП постапиле според инструкциите и тоа: Атина, Брисел-амбасада, Брисел-мисија при ЕУ, Брисел- Нато, Пекинг, Торонто, Рим-Ватикан, Солун и Њујорк. Непочитувањето на Законот за буџети според кој правото за користење на средствата завршува со 31 декември овозможува ненаменско користење на средства.

11.1.2. Спротовно на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници на Сметката за средства од буџетот прикажано е салдо на парични средства и вишок на приходи за пренос во наредната година со состојба 31.12.2008 година, во износ од 503.779 илјади денари. Ваквата состојба е резултат на: неискористените буџетски средства за редовно работење во износ од 19.640 илјади денари кои не се вратени во Буџетот на РМ, од остварени конзуларни приходи во износ од 8.705 илјади денари и приходите од поврат на ДДВ во износ од 1.194 илјади денари кои не се уплатени во Буџетот на РМ, како и фактот што МНР на крајот на годината наменски дозначува средства до ДКП кои не се реализирани во тековната година. Ваквиот начин на евидентирање создава нереална и необјективна слика за финансиските извештаи на МНР.

11.1.3. Во електронаската база на податоци за сметководството на МНР можен е пристап и менување на налозите за книжење не само во текот на годината туку и по завршувањето на фискалната година. Заради ваквата

програмска можност податоците регистрирани во деловните книги не се презентирани хронолошки односно не го одразуваат точно временскиот редослед на нивното настанување. Менувањето и дополнувањето на регистрираните податоци во деловните книги со што е оневозможено утврдувањето на првобитно регистрираната содржина е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба е констатирана и со ревизијата на МНР за 2006 година, но субјектот не превземал мерки за нејзино надминување. Причина повеќе за ова укажување е фактот што почетните состојби во сметководствената евиденција за 2008 година не се соодветни со крајната состојба во финансиските извештаи за 2007 година. Фактот што постојат посебни бази на податоци за ДКП и МНР кои што меѓусебно не кореспондираат го отежнува работењето и дополнително создава ризик од сметководствени грешки.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во МНР да преземат мерки за постапување по дадените инструкции од Секторот за финансии, непотрошените буџетски средства од ДКП на крајот на годината да се враќаат во Буџетот на РМ.
2. МНР да превземе мерки за отворање на посебна сметка преку која што би се евидентирале приходите од конзуларни такси и поврат на ДДВ до нивното уплаќање во Буџетот на РМ.
3. Раководителот на Секторот за финансии да превземе мерки за ограничување на пристапот во сметководствената база на податоци како и мерки на заштита и заклучување на деловните книги по завршувањето на фискалната година. Исто така, да се оневозможи вршење на корекции на веќе евидентираните деловни промени во налозите за книжење преку соодветно софтверско решение. Да се иницираат измени во апликативниот софтвер кој што ќе обезбедат внесување на сметководствените промени во единствена база на податоци за ДКП и МНР.

### 11.2. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.2.1. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во целосноста и точноста на остварените приходи од конзуларно работење на ДКП на РМ во странство поради следните причини:

- На крајот на годината не е извршен попис на неупотребените налепници за визи и на патните листови по сериски броеви што не обезбедува уверување дека сите издадени визи и патни листови се наплатени од корисниците на услугата;
- Висината на вистинските (фактичките) трошоци предизвикани со барањето на таксениот обврзник-барател на услугата што е должен да ги надомести покрај конзуларните такси, не се определени со решение на министерот и на шефот на претставништвото спротивно на Упатството за надоместување на вистинските (фактичките) трошоци. Неутврдувањето на овие трошоци со официјален акт има за ефект различно постапување на ДКП при наплатата на истите, заради што не се уверивме во точноста на наплатуваните износи за фактички трошоци;
- Различна примена на Таксениот тарифник пропишан со Законот за административни такси од аспект на структурата на тарифните броеви кои што ја формираат конзуларната такса за одреден вид на услуга. Со деталните ревизорски постапки утврдивме наплата на едни исти услуги по различни цени;

- Не е утврдена наплата на приходи од административни такси во готови пари согласно Правилникот за начинот на плаќање на административни такси, за поодделни списи и дејства кои се издаваат од ДКП;
- Регистарот за наплатени останати конзуларни такси и други приходи не се пополнува на идентичен начин кај сите ДКП од аспект на видот на заведените предмети;
- уплатата на остварените приходи од ДКП, во Буџетот на РМ не се врши во рок од пет дена по истекот на претходниот месец, што е спротивно на Правилникот за финансиско и материјално работење на ДКП на РМ во странство.

Недостигот на координација од страна на Секторот за конзуларно работење при МНР и не доставените единствени инструкции за наплата на приходите од конзуларно работење создава ризик од нецелосна, неправилна и ненавремена наплата на приходите од конзуларно работење кои што претставуваат приходи на основниот буџет на РМ, а за чија наплата согласно Законот за буџетите е овластено МНР.

11.2.2. Со детални ревизорски постапки, на трансакциите од групата Стоки и услуги селектирани со примена на нестатистички метод на избор на примерок утврдени се расходи во чија објективност и реалност ревизијата не се увери и тоа:

- За исплатени 6.348,81 ЕУР кои се однесуваат на потрошена електрична енергија за греење и ладење на просториите на амбасадата на РМ во Подгорица и резиденцијата на амбасадорот врз основа на писмено известување и доставени пресметки од закуподавачот кои не соодветсвуваат со доставените сметки за потрошена струја за системот на греење/ладење. Исплатата се однесува за периодот од 1.09.2005 до 30.11.2008 иако договорот е склучен во септември 2005 година и истиот не предвидува расходи по овој основ;
- За исплатени средства во износ од 1.494 илјади денари за службени патувања во 15 амбасади на РМ во странство на лицата од Секторот за финансии со цел увид во финансиско и материјално техничките проблеми и испомош за реализација на месечните извештаи за редовно финансиско работење. Патувањето е одобрено, иако во 12 ДКП со решение се задолжени лица за вршење работи на сметкополагачи за што добиваат и додаток на основната плата согласно Уредбата за начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и на надоместоците на определени трошоци во ДКП на РМ. Упатувањето на вработените од Секторот за финансии со задача изготвување на месечни извештаи за финансиско работење предизвикува концентрирање на надлежностите: извршување, контролирање и евидентирање кај едно исто лице, што создава ризик од необјективно прикажување на расходите;
- Повратот на неискористените средства од 2008 година од девизната благајна евидентиран е како расход на соодветните сметки за кои биле наменети што има за ефект неосновано евидентирани патни и дневни расходи во износ од 610 илјади денари и други оперативни расходи во износ од 200 илјади денари и дава нереална слика за реализираните расходи на МНР;
- И покрај вселувањето во новиот објект на амбасадата во Прага во 2009 година за месеците од јануари до мај се префрлуваат средства за

закупнина на амбасадата во висина од 1.710 евра месечно, што упатува на неажурност во следењето на тековните расходи на ДКП;

Причина за ваквата состојба е неизвршената проверка/потврдување на документите пред нивното одобрување за исплата од страна на одговорните лица и недостигот на контроли на разграничување на должностите од аспект на одобрување, извршување односно евидентирање на трансакциите. Флуктуацијата на кадарот што произлегува од природата на работата дополнително придонела за ваквите состојби.

11.2.3. Ревизијата не доби доволно докази да се увери во целосноста, точноста и навременост на плаќањата за членување на РМ во меѓународни организации. Во МНР не се воспоставени постапки/процедури кои што ќе обезбедат дека се извршени исплати само спрема меѓународни организации во кои членува РМ, исплатениот износ е во согласност со договорот за членство/конвенцијата и истата е извршена навремено. Поради невоспоставениот систем на одобрување на плаќањата за чланарини на РМ кон меѓународните организации МНР во 2009 год на име контрибуции и камати за заостанати плаќања кон парцијални договори на Советот на Европа за периодот од 1999-2008 година исплатило средства во износ од 291.938,52 ЕУР или 18.010 илјади денари.

11.2.4. При ревизија на ставката Капитални расходи за градежни објекти утврдено е непочитување на договорите/инструкциите за купување на објекти за ДКП на РМ во странство и тоа во следните случаи:

- Градежните работи околу преадаптација на објектот за амбасада во Виена не се завршени во рокот утврден со договорот до 1.12.2008 година поради задоцнето доставување на деталната спецификација за изведување на градежните работи на објектот од страна на МНР. Од тие причини склучен е анекс на договорот со кој што не само што се пролонгира рокот до 1.03.2009 година, туку и се пренесуват дополнителни 450.000 ЕУР на продавачот. И овој рок не е испочитуван од продавачот што предизвикал плаќање на закупнина за месец декември 2008 година и од јануари до мај 2009 година во вкупен износ од 12.115 ЕУР односно 745 илјади ден;

- Набавениот објект за амбасада во Љубљана иако е исплатен во 2007 година се уште не е ставен во употреба што упатува на непочитување на дадените инструкции од МНР во однос на набавка на објекти употребливи во состојбата во која би се купиле или со минимални градежни интервенции да бидат ставени во употреба. Ова има за ефект исплата на закупнина во 2008 и 2009 година во висина од 30.000 ЕУР/годишно и исплата на комуналии за новиот објект во вкупен износ од 887 ЕУР.

- Спротивно на преддоговорот за купување на објект за амбасадата во Москва не е извршено впишување на сопственоста на име на продавачот (агенцијата за недвижности) до 31.03.2009 год што е услов за впишување на сопственоста на име на РМ со рок 30.06.2009 година. Преддоговорот предвидува можност за пролонгирање на рокот за впишување на сопственоста на име на РМ за два месеца (до 1.09.2009 година), во спротивно договорот е неважечки и средствата од escrow сметката ќе бидат вратени во РМ.Ревизијата не е уверена дека и овој рок ќе се испочитува со оглед на фактот што до денот на завршување на ревизијата (12.06.2009 година) се уште не е извршен упис на сопственоста на објектот на име на продавачот што ја доведува во прашање оправданоста од исплатените 35.000 ЕУР кои што

претставуваат 50% од хонорарот на правниот застапник од Будимпешта, расходите за банкарска провизија и курсни разлики за трансфер на 7,5 милиони ЕУР на escrow сметката кои претставуваат купопродажна цена на објектот од 335,4 м2.

Согласно решение од министерот формирана е Комисија за елаборирање на конкретни предлози за купување или градба на објекти за ДКП на РМ во странство која е должна да ги разгледува понудите за купување или градба на објекти за просторно сместување на претставништвата и да достави предлог за истото. Ревизијата стекна уверување дека во МНР не постои лице кое што е задолжено за следење на реализацијата на договорите и состојбата на escrow сметките кои што се празнат по исполнување на одредени услови во договорите. Освен тоа во МНР не постојат уредни досиеа со документацијата за набавените објекти ниту имотните листови за истите поради што во сметководството на МНР и објектите за кои постојат имотни листови се уште се водат како инвестиции во тек.

**Препораки:**

1. Секторот за конзуларно работење да подготви детално упатство со единствени инструкции во кое ќе бидат содржани постапките/процедурите за конзуларно работење како и начинот на користење на книгите за заверка. Да се донесе официјален акт за утврдување на висината на вистинските (фактичките) трошоци како и за утврдување на структурата на конзуларните такси по тарифни броеви кои што ја формираат цената за одреден вид на услуга. Од страна на визиниот центар при МНР да се воспостават постапки на раздолжување на ДКП со налепниците за визи и патните листови врз основа на извршен попис од нивна страна и доставени поништени налепници за визи и патни листови.
2. Раководителот на секторот за финансии да превземе мерки за јакнење на контролите на раздвојување на должностите и контролите на овластување и одобрување со цел да се запрат од обработка трансакциите кои што претходно не се одобрени на соодветното ниво.
3. Државниот советник за организациони работи во соработка со Државниот советник за политичко безбедносна соработка и мултилатерални односи да обезбедат воспоставување на систем на одобрување на исплатите кој што ќе обезбеди целосност, точност и навременост во исплатата на членарини спрема меѓународните организации.
4. Министерот за надворешни работи да определи одговорно лице кое што ќе ја следи реализацијата на договорите и празнењето на escrow сметките во согласност со условите утврдени во договорите.

### 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.3.1. Вредноста на постојаните средства во Билансот на состојбата во износ од 1.782.470 илјади денари не е реално и објективно прикажана поради не извршеното усогласување на сметководствената со фактичката состојба, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради следното:

- Не е извршено усогласување на вредноста на постојаните средства искажана во сметководствената евиденција со помошната материјална (аналитичка) евиденција. Утврдени се разлики во набавната вредност, пресметаната амортизација и сегашната вредност;
- Пописните листи не содржат инвентарни броеви , а најголем дел од нив немаат ниту детален опис на опремата што ќе го овозможи

препознавањето односно усогласувањето со сметководствената состојба;

- Не е извршен физички попис на градежните објекти и возилата во ДКП;
- Предлозите дадени за расход од страна на поединечните комисии од ДКП не се обединети ниту е донесено решение за расход на предложената опрема;
- Не е извршено зголемување на вредноста на градежните објекти за сметка на материјалните средства во подготовка во износ од 650.117 илјади денари по обезбедување на имотни листови за набавените објекти за амбасадите во Брисел, Виена, Будимпешта, Истамбул и Прага што дава погрешна слика за вредноста на постојаните средства на МНР;
- Сите ДКП не извршиле попис на постојаните средства, сите шефови на ДКП не донеле решенија за формирање на пописна комисија, пописните листи не се потпишани од страна на лицата кои што го извршиле пописот ниту се подготвени извештаи за извршениот попис.

11.3.2. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во реалноста и објективноста на позицијата Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции искажани во Билансот на состојбата во износ од 47.770 илјади денари. Спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, МНР не извршило попис за да го утврди правниот основ за постоење на побарувањата и преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи, да ја усогласи фактичката состојба на побарувањата со состојбата во сметководството. Во МНР не е воспоставен систем на раздолжување на побарувањата за дадените аванси за депозити за изнајмување на станови при враќање на вработените од ДКП. Со примена на тестови на детали на трансакции/салда на побарувањата за дадени аванси, ревизијата утврди евидентирани побарувања од лица кои повеќе не се во работен однос во МНР (поранешни амбасадори или вработени во ДКП), во износ од 2.409 илјади денари, а за кои одговорните лица во МНР не превзеле мерки за нивна наплата, неизвршено раздолжување/ задолжување за депозитите за изнајмени станови по лица во случај кога новоупатениот вработен во ДКП се сместува во истиот стан што го користело лицето чие службување во ДКП престанало.

11.3.3. Евидентирано е краткорочно побарување во износ од 104 илјади денари за утврден кусок на парични средства во девизната благајната, констатиран и со пописот на паричните средства во 2005 година. На предлог на пописната комисија со Решение број 05-10725/1 од 21.07.2006 година формирана е комисија за утврдување на причините за кусокот и предлагање на мерки, која што имала обврска за утврдената фактичка состојба да достави извештај до 28.07.2006 година. Комисијата не изготвила извештај за своето работење и не ги утврдила причините за настанување на кусокот поради што не е извршено задолжување на лицата одговорни за неговото настанување. Ревизијата не е убедена во точноста на евидентираниот износ на кусокот бидејки со деталните ревизорски постапки утврдено е дека утврдениот кусок од страна на пописната комисија во 2005 година не соодветствува со сметководствено евидентираниот.

**Препораки:**

1. Министерството за надворешни работи да изврши целосен годишен попис на опремата, објектите и инвестициите во тек. Да се превземат мерки за воспоставуваање на соодветна софтверска програма и усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот. Опремата да се обележи со инвентарни броеви со што ќе се создадат предуслови за усогласување на фактичката со сметководствената состојба. Да се утврди реалната вредност на градежните објекти и да се воспостави соодветна материјална евиденција на основните средства која што ќе биде усогласена со вредноста на средствата во сметководствената евиденција.
2. При вршење на редовниот годишен попис на опремата да се спроведе и попис на побарувањата за дадени аванси, депозити и кауции и нивно усогласување со состојбата искажана во сметководствената евиденција.
3. Комисија што е формирана за утврдување на причините за кусокот и предлагање на мерки да ја заврши својата обврска во однос на утврдување на причините за настанатиот кусок на парични средства во девизната благајна и да даде предлог за начинот на негова ликвидација и за мерки кои што треба да се превземат против лицата кои што се одговорни за настанатиот кусок.

### 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:

11.4.1. При ревизија на јавните набавките утврдено е дека МНР не ги испочитувало одредбите од Законот за јавни набавки во следните случаи:

- Склучен е договор за вршење на градежни и други работи за потребите на МНР во износ од 360 илјади денари според кој е исплатен аванс во висина од 80 %, односно 288 илјади денари и не е обезбедена банкарска гаранција во висина на исплатениот аванс;
- Не е спроведена постапка за избор на понудувач за угостителски и хотелски услуги, за што се исплатени средства во вкупен износ од 4.832 илјада денари.

Непочитувањето на законот за јавни набавки упатува на тоа дека не е обезбедена конкуренција, еднаков третман транспарентност, јавност, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

11.4.2. Министерството не води евиденција за набавките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас спроведени во ДКП на РМ во странство иако доставувањето на евиденцијата за склучените договори/добиени фактури е законска обврска заради нивно објавување на web страницата на Бирото за јавни набавки. Невоспоставената евиденција ја оневозможи ревизијата да ја потврди целосноста на набавките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас спроведени во ДКП. Исто така и за дел од набавките спроведени со постапки со преговарање без претходно објавување на оглас МНР не доставило известување до Бирото.

**Препораки:**

1 При склучување на договорите за јавна набавка да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки од аспект на висината на авансот како и обезбедувањето на банкарска гаранција во висина на истиот. Потребите за хотелски и угостителски услуги, Министерството да ги реализира согласно Законот за јавни набавки со избор на соодветна постапка за јавна набавка.

2 Одделението за општи работи и јавни набавки да иницира промени во Законот за јавни набавки со цел изземање на ДКП за набавки до одредена вредност и задолжително да доставува известување за секој склучен договор со постапка со преговарање заради објавување на веб страницата на Бирото за јавни набавки во рок од 30 дена по спроведување на секоја јавна набавка.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.3. ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на Министерството за надворешни работи - Сметка за средства од Буџетот на РМ со состојба 31.12. 2008 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Министерството за надворешни работи - Сметка за средства од Буџетот на РМ, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**Обрнуваме внимание** дека постапувајки по Одлука на Влада од 14..02.2008 година МНР објавило огласи во дневните весници и телевизиските куќи за повикување на сите заинтересирани фирми кои сакаат да бидат информирани за одделни тендери објавени во земјите во кои РМ има ДКП во странство своите е-маил адреси да ги достават до МНР со цел МНР добиените информации од ДКП-та за најновите тендери објавени во разни земји да ги објавува на својата web страна, да ги препраќа на трите стопански комори и на е-маил адресите на заинтересираните фирми односно претходно да состави адресар на заинтересирани фирми кои би сакале секој ден да добиваат информации за најновите тендери. За оваа намена МНР во 2008 година има расходи во износ од 5.018 илјади денари иако според Законот за стопанските комори развивањето и организацијата на единствен информациски систем и деловно информирање за значајни податоци од домашната и светската економија за развојни проекти, актуелни специјализирани информации од кредитно монетарната, даночната, царинската политика и пазарот, технологијата и за извозните и увозните можности е работа на коморатa.

**Обрнуваме внимание** дека амбасадорот на РМ во СР Германија во 1999 година во име на РМ склучил договори (бр. 33 и 34/1999) за изнајмување на станови за потребите на Амбасадата на РМ во Берлин со загарантирано право на купување и тоа:
- 1 трособен стан со големина од околу 78 м2, за кој месечната закупнина изнесува 1.329,40 ЕУР;
- 2 двособни стана, за кои во договорот не е наведена квадратурата (со вкупна површина од околу 230 квадрати). Во 2000 година овие два стана со преградување се адаптирани во четири стана , а месечната закупнина од 2.055,40 ЕУР почнувајќи од 1.01.2000 година е двојно зголемена на 5.056,70 ЕУР.

МНР ги склучило договорите со загарантирано право (предност) на купување на становите, поради што се исплатени дополнителни 51.129,20 ЕУР. Наведената сума би се одземала од купопродажната цена на становите доколку становите се купат во договорениот рок, а доколку правото на купување не се оствари, МНР нема право на поврат на овие средства.Согласно договорите правото на купување можело да се оствари секоја година до 31 Декември почнувајќи од 2000 година, а најдоцна до 2009 година, за што министерството треба да се изјасни до 30.06.2009 година со препорачано писмо до изнајмувачот /продавачот.

До завршувањето на ревизијата министерството не се произнесе дали РМ ќе го оствари загарантираното право за купување на становите за што РМ треба да доплати 575.107,60 ЕУР. Доколку не го оствари ова право ќе пропаднат средствата платени како гаранција во износ од 51.129 ЕУР и се доведува во прашање

оправданоста од плаќањето на закупнини и режиски трошоци во периодите кога становите биле невселени.

Од приложената табела може да се види продажната цена по метар квадратен на наведените станови доколку правото за купување се остварело со 31.12.2000 година и цената доколку правото за купување се оствари со 31.12.2009 година. Само износот на доплатата за стекнување на сопственост врз становите изнесува 2.033 ЕУР/м2, а согласно информацијата доставена на барање на ревизијата од Амбасадата на РМ во Берлин со датум 26.05.2009 година, цената на квадратен метар во општините каде се наоѓаат становите се движи од 1.000 до 2.600 ЕУР/м2. Наведеното упатува дека вкупно платените закупнини во износ од 783.256 ЕУР не ја намалуваат купопродажната цена на становите.

во ЕУР

| Ред. бр. | | Трособен стан | | Двособни станови | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 31.12.2000 год | 31.12.2009 година | 31.12.2000 год | 31.12.2009 година |
| 1 | Закупнини според договорот | 22,599.80 | 166,175.00 | 70,957.40 | 617,081.00 |
| | 1.08.1999-31.12.2000 | 22,599.80 | 22,599.80 | 70,957.40 | 70,957.40 |
| | 1.01.2001-31.12.2009 | | 143,575.20 | | 546,123.60 |
| 2 | Доплата според договорот зависно од периодот на откуп | 186,744.20 | 132,193.50 | 651,733.50 | 494,042.10 |
| 3 | Платена гаранција за право на предност за купување на 25.08.1999 година | - | - | 51,129.20 | 51,129 |
| 4 | Купопродажна цена на становите =(1+2-3) | 209,344.00 | 298,368.50 | 671,561.70 | 1,059,994 |
| 5 | Цена за метар квадратен | 2,683.90 | 3,825.24 | 2,919.83 | 4,608.67 |

14. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2006 година.**

Министерството за надворешни работи постапило по препораките дадени во извештајот за извршената ревизија за 2006 година, а кои се однесуваат на следното :

- приходите од конзуларни такси што ги остваруваат ДКП во странство се уплатуваат на уплатните сметки за јавни приходи почнувајќи од 2007 година;
- приходите што ги остваруваат ДКП по основ на поврат на ДДВ се уплатуваат на уплатните сметки за јавни приходи почнувајќи од 2007 година;
- набавената опрема целосно е евидентирана, применетите стапки за амортизација се во согласност со Правилникот, пресметана е амортизација и за новонабавените средства и не се пресметува амортизација за инвестициите во тек;
- не е извршено пречекорување на правото за репрезентација кај ДКП утврдено со поединечни решенија.

За наодите утврдени во точките 11.2, 11.3.1, 11.4.1 и 11.4.3 од овој извештај субјектот не превземал мерки.

**Овластен државен ревизор**

Скопје, 22.07.2009 година ___________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 15,715 | 21,018 |
| Трансфери и донации | 2,225,293 | 1,445,444 |
| **Вкупно приходи** | **2,241,008** | **1,466,462** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 460,660 | 391,451 |
| Резерви и недефинирани расходи | 613 | 896 |
| Стоки и услуги | 857,113 | 676,065 |
| Каматни плаќања | 1,038 | 1,589 |
| Субвенции и трансфери | 84 | 826 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,319,508** | **1,070,827** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 406,068 | 344,948 |
| **Вкупно капитални расходи** | **406,068** | **344,948** |
| **Отплата на главнина** | **11,653** | **11,600** |
| **Вкупно расходи** | **1,737,229** | **1,427,375** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **503,779** | **39,087** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 503,779 | 39,087 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 47,770 | 35,836 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 3,945 | 4,297 |
| Побарувања од вработените | 3,125 | 3,675 |
| Финансиски и пресметковни односи | 398 | 397 |
| Активни временски разграничувања | 117,954 | 108,553 |
| **Вкупно тековни средства** | **676,971** | **191,845** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 476 | 36 |
| Материјални средства | 942,518 | 914,568 |
| Материјални средства во подготовка | 839,476 | 475,824 |
| **Вкупно постојани средства** | **1,782,470** | **1,390,428** |
| **Вкупна актива** | **2,459,441** | **1,582,273** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 23,165 | 16,528 |
| Краткорочни финансиски обврски | 13,861 | 24,783 |
| Обврски спрема државата и други институции | 123 | 123 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 44,826 | 31,140 |
| Пасивни временски разграничувања | 594,996 | 119,271 |
| **Вкупно тековни обврски** | **676,971** | **191,845** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,782,470 | 1,390,428 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1,782,470** | **1,390,428** |
| **Вкупна пасива** | **2,459,441** | **1,582,273** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **1,390,428** | **-** | **1,390,428** |
| **Зголемување по основ на:** | **420,239** | **-** | **420,239** |
| Набавки | 56,587 | | **56,587** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 363,652 | | **363,652** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **28,197** | **-** | **28,197** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 28,197 | | **28,197** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **1,782,470** | **-** | **1,782,470** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0906-148/13**

**Дата: 03.09.2009**

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 65/97 ........133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за надворешни работи Дов. бр. 0905-148/ од 27.08.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

## *Р Е Ш Е Н И Е*
### *по поднесен приговор на Конечен извештај*

**1.** Приговорот на точките 11.1.1, 11.1.2, 11.1.3, 11.2.1, 11.2..2, 11.2.3, 11.2.4, 11.3 и 11.4 од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за надворешни работи - сметка за средства од буџетот на РМ, за 2008 година **не се прифаќа.**

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е,*

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за надворешни работи – сметка за средства од буџетот на РМ, за 2008 година поднесен е приговор Дов. бр. 0905-148/12 од 27.08.2009 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот е следното:

1. Приговорот на ***точката 11.1.1*** од Конечниот изврштај што се однесува на непочитување на Законот за буџетите од аспект на тоа што непотрешените буџетски средства на девизните сметки и благајните за редовно работење во ДКП-та не се вратени во буџетот на РМ до 31. Декември ***не се прифаќа,*** бидејќи не се изнесени аргумени кои што го побиваат наодот.

2. Приговорот на ***точката 11.1.2.*** од Конечниот извештај, што се однесува на прикажување на салдо на парични средства и вишок на приходи за пренос во наредната година на буџетската сметка ***не се прифаќа,*** бидејќи упатува на причините за констатираните состојби, но не и на аргументи за побивање на наодот.

3. Приговорот на ***точката 11.1.3*** од Конечниот извештај што се однесува на можноста за пристап и менување на налозите за книжење во електронската база на податоци за сметководството ***не се прифаќа,*** бидејќи е дадено само известување за превземените мерки од страна на субјектот за надминување на состојбата во

2009 година.

4. Приговорот на ***точката 11.2.1*** од Конечниот извештај што се однесува на неуверувањето на ревизијата за целосноста и точноста на остварените приходи од конзуларно работење на ДКП на РМ во странство, ***не се прифаќа,*** бидејќи не се доставени нови докази за основаноста на забелешката, ниту изнесената аргументација го побива наодот на ревизијата.

**5.** Приговорот на ***точката 11.2.2*** од Конечниот извештај што се однесува на неуверувањето на ревизијата во објективноста и реалноста на одредени расходи од ставката - Стоки и услуги, ***не се прифаќа,*** затоа што не се доставени нови докази, а изнесените образложенија не го менуваат ставот на ревизијата во однос на следните прашања:
- Забелешката на ***алинеа 1*** што се однесува на плаќањето на електрична енергија за системот за греење/ладење во ДКП во Подгорица иако договорот за закуп не предвидува расходи по овој основ ***не се прифаќа.*** Во забелешката субјектот наведува дека плаќањето на овие расходи е извршено врз основа на Решението донесено од заменик министерот од 13.09.2005 година со кое што е предвидена исплата покрај на закупнина и на сите други трошоци, за ревизијата е неприфатливо бидејќи меѓусебните обврски и побарувања се регулираат со договор, а споменатото решение не е доставено во прилог на забелешката.
- Забелешката на ***алинеа 2*** што се однесува на патувањето на вработените од секторот за финансиско материјално работење во ДКП ***не се прифаќа***, бидејќи основот за патувањето наведен во наодот кој што субјектот го негира, ревизијата го утврди од патните налози и решенијата за службени патувања. Изнесените образложенија за потребата од патувања не го менуваат ставот на ревизијата дека се јавува концентрирање на повеќе надлежности кај едно исто лице, што создава ризик од необјективно прикажување на расходите;
- Забелешката во однос на ***алинеа 3,*** која се однесува на несоодветно евидентирање на повратот на неискористените средства од девизната благајна во буџетот на РМ како расходи, ***не се прифаќа,*** бидејќи упатува на прифаќање на препораката од ревизијата и нејзино спроведување во наредниот период.
- Забелешката во однос на ***алинеа 4*** што се однесува на неосновано префрлување на средства за закупнина на амбасадата во Прага и покрај вселување во сопствен објект, ***не се прифаќа,*** поради тоа што изнесените образложенија не го побиваат ставот на ревизијата дека во МНР треба да се воспостави систем кој што ќе го контролира работењето на ДКП –та.

**6.** Приговорот на **точката 11.2.3** од Конечниот извештај што се однесува на неуверувањето на ревизијата во целосноста, точноста и навременоста на плаќањата за членување на РМ во меѓународни организации упатува на прифаќање на препораката дадена од ревизијата. Известувањето за превземени мерки од страна на субјектот во 2009 година, за што се доствени докази, не ја менува констатацијата на ревизијата за годината предмет на ревизија.

**7.** На ***точката 11.2.4*** од Конечниот извештај што се однесува на непочитување на условите во договорите/инструкциите за купување на објекти за ДКП на РМ во странство, субјектот нема забелешка туку известува дека купувањето на објекти за амбасади на РМ во странство има строго доверлив карактер повикувајќи се на Законот за класифицирани информации. Забелешката ***не се прифа****ќа* поради тоа што во Законот за класифицирани информации - член 12 е утврдено дека создавачот на класифицираната информација го означува на видно место степенот на класификација на информацијата што не е случај со договорите за купување на објекти за амбасади на РМ во странство. Според Законот за класифицирани информации, класифицирана информација со степен „строго доверливо„ е информација создадена од државните органи, органите на ЕЛС и други институции

која е од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на РМ, а чие невластено откривање би предизвикало исклучително сериозна штета за виталните интереси на РМ. Согласно поимникот (член 2) од Законот за наворешни работи, под ,,надворешни работи„ не се подразбираат дејствија и активности на купување на објекти, што упатува на тоа дека оваа информација не би можела да се класифицира под „строго доверливо“.

**8.** Забелешките на ***точката 11.3*** од Конечниот извештај што се однесува на нереално и необјективно прикажување на вредноста на Постојаните средства во Билансот на состојба ***не се прифаќа*** бидејки во забелешката субјектот дава детално образложение на причините за утврдените состојби и превземени мерки од негова страна со што го потврдува наодот на ревизијата.

**9.** Забелешките на ***точката 11.4*** од Конечниот извештај што се однесува на непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки ***не се прифаќа*** поради тоа што истата упатува на превземени мерки од страна на субјектот што е предмет на посебна постапка во ДЗР за постапување по препораките на овластениот државен ревизор.

**Скопје, 01.09.2009 година**

Главен државен ревизор

**Тања Таневска**